ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 12 - 2283/1
25 -06- 2021 20 __ год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАСПОЛАГАЊЕТО И КОРИСТЕЊЕТО НА ДРЖАВНИТЕ СРЕДСТВА ОД СТРАНА НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

Скопје, февруари 2021

# СОДРЖИНА

Вовед 1

ПРИЛОЗИ 4

1. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА 2
2. НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ 2
3. АПАНАЖИ 4
4. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПРАТЕНИЦИ 5
5. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ДРУГИ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА 8
6. САМОСТОЈНИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНА УПРАВА 9
7. САМОСТОЈНИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ 12
8. РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА 14
9. ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ФОРМИРАНИ ОД СОБРАНИЕ И ВЛАДА НА РСМ 17
10. ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ: 20
11. ПРЕПОРАКИ: 21

ПРИЛОЗИ

## ВОВЕД

Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст - ДКСК), постапувајќи согласно надлежностите утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, оформи предмет по сопствена иницијатива врз основа на изнесени наводи во јавноста во однос на висината на средствата кои од Буџетот на РСМ се издвојуваат за исплата на разни надоместоци на избрани и именувани лица од Претседателот на РСМ, Собрание на РСМ како и од Владата на РМС, но и по однос на нерационално користење на средствата во институциите каде се именувани.

Податоците кои Граѓанските организации ги обезбедуваат преку слободен пристап до информации од јавен карактер, анализите обелоденети преку истражувачкото новинарство, Конечните извештаи на Државниот завод за ревизија, говорат дека не постои домаќинско користење на средствата во институциите и дека службените лица ја искористуваат својата функција со цел да си обезбедаат поголеми привилегии во однос на нивното користење. Ова се мисли пред се на моќта што избраните и именуваните лица, како службени лица во институциите ја имаат во однос на донесување интерни акти или поединечни одлуки и решенија, со кои директно си утврдуваат привилегии и предности во однос на користење на службените возила, средства за репрезентација, користење на парични средства на институциијата преку бизнис картички, надомест за превоз од и до работно место и слично.

За обезбедување на потребните податоци, но и добивање на унифицирани информации и документи, ДКСК изготви темплејти (посебно за буџетските корисници и посебно за правните субјекти кои финансиското работење го вршат согласно Законот за трговски друштва -ЈП и АД) и даде насоки за нивно пополнување и доставување.

Имајќи го во предвид фактот што до крајот на 2018 година се регистирани 1314 институции на јавниот сектор[1], ДКСК изврши избор на институиции од сите форми на организирање, до кои достави барања за добивање податоци и информации за наведените прашања. Со испитувањата не беа опфатени институциите на централно и локално ниво од областа на културата, образованието, здравството и социјалната заштита.

[1] Годишен извештај за податоците од регистарот на вработените во јавниот сектор 2018 објавен на веб страната на МИОА

## 1. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Користењето на средствата со кои располагаат буџетските корисници, нивното економично и наменско користење е уредено со повеќе системски закони[2], но и скоро секој материјален закон пропишува одговорен и економичен начин на користење на средстватва од страна на службените лица во институциите.

Голем број инстититуции имаат донесено и применуваат интерни акти: правилници, процедури, одлуки, со кои е извршено поконкретно уредување на начинот на користење на овие средства во насока на дефинирање кој има право да ги користи, за кои цели, во кое време, до кој износ и слично.

Постоењето на бројна законска регулатива и интерни акти, не го намалува впечатокот, но и фактот дека оваа регулатива не се применува, дека истата се изигрува или се прилагодува на потребите на службените лица и дека постои неекономично користење на средствата, па дури и нивна злоупотреба.

Конечните извештаи на Државниот завод за ревизија со години наназад континуирано обелоденуваат наоди во однос на неусогласност на користењето на средствата во однос на законската регулатива, неекономично па дури и нивно незаконско користење.

Од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено:

**Член 2:** *„Под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на фунција, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг."*

**Член 8:** *„Под поимот службено лице се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор."*

**Член 54:** *„Секое службено лице е должно да ги чува државните средства што му се доверени и со нив да располага на најекономичен начин и за однапред определените намени. Забрането е средствата да се користат за приватни цели или да се даваат на друг на користење".*

## 2. НАЧИН НА ПРИБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

[2] Закон за буџетите;
Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;
Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост;